# ОГЛАС

Обезбедено **приватно здравствено осигурување** и **напредок во кариерата** согласно личните постигнувања, **месечни и квартални бонуси** за безбедно и одговорно работење, исплата на **максимален износ на регрес** за годишен одмор, обезбедена **стабилна и сигурна работа** со почитување на сите законски одредби. Ова се само дел од поволностите кои ги нудиме.

Нашата компанија, Макстил АД Скопје (www.makstil.com) е дел до глобална групација, со долгогодишна традиција и репутација на светскиот пазар во металопреработувачката индустрија. Ова ни овозможува да нудиме најдобри услови за работа на нашите вработени.

Во моментов, во рамки на нашиот тим за Одржување, отворено е следново работно место:

## ЕЛЕКТРОНИЧАР

**Опис на работно место:**

- Извршување сервисни активности во делот на автоматиката и мерно-регулационата опрема, замена и подесување на различни видови на сензори и уреди за мерење.
- Контрола, дефектажа и отстранување на причината за дефектот на постројките и на опремата;
- Грижа за исправноста на опремата и за нејзино коректно функционирање во процесот на работа, како и правилно ракување со алатот

**Работни услови:** работа во три смени во погонски услови, работа на височина за одредени позиции.

**Потребни квалификации:**

- Високо образование, 240 ЕКТС - Дипломиран електро инженер или IV степен стручна подготовка, електроничар-автоматичар;
- Со и без работно искуство;
- Способност и желба за тимска работа;
- Флексибилност, адаптибилност и способност за работа во динамично опкружување;
- Самоиницијативност и посветеност.

Доколку сакате да станете дел од нашиот тим и имате искрена желба за учење на нови работи, испратете ја вашата кратка биографија по електронски пат на **kariera@makstil.com.mk**, со назнака за работното место за кое аплицирате, најдоцна до **19.01.2024 година**.

Макстил АД Скопје обезбедува еднакви можности за вработување на сите кандидати и води посебна грижа за заштитата на лични податоци и за доверливоста на Вашата апликација.

Согласно Законот за заштита на лични податоци вашата апликација и податоците ќе се користат исклучиво за потребите за вработување за работното место Електроничар и ќе бидат избришани од нашата дата база во рок од 5 дена по склучување на договор за вработување со избраниот кандидат.